# ОСНОВИ НА АНАТОМИЈА НА ЧОВЕК

**Професор д-р Милица Ристовска**
канцеларија бр. 213
тел. работа: 3249613
мобилен: 078-302 128
e-mail: milica.ristovska@yahoo.com



Термини за консултации:
Консултациите ќе се одвиваат електронски!

**Асистент м-р Јулијана Арсовска**
лабораторија бр. 72
e-mail: julijana.arsovska@pmf.ukim.mk
мобилен: 075-735 310

## Што е потребно за курсот !

***за предавања:***

1. Ристовска Милица (2019): Анатомија на човекот за студентите по биологија.
2. Бележник по предавањата од предметот, нотес или празни листови.

***за лабораториски вежби:***

1. Караман Б., Јорданова М., Ристовска М., Арсовска Ј. (2019). Практикум – интерна скрипта.
2. прибор за цртање (моливи и дрвени боички).

Практикумот и приборот за цртање е неопходно да го имате со себе на секоја вежба. Добро проверете за секоја вежба дали практикумот го носите со себе!

## Цели на курсот !

- совладување на основната анатомска терминологија;
- совладување на базичната структурата и функцијата на органите и органските системи кои го сочинуваат човековото тело;
- идентификување на органите и органските системи, нивната анатомска градба и локација, на соодветни модели, шеми и дијаграми.

## Препораки за полесно совладување на матерјалот:

1. **Бидете редовни** на предавања и вежби! Користете ја секоја можност да ги разгледате приложените модели на вежби и да поставувате прашања за сé што не Ви е јасно!

2. **Доаѓајте спремни на настава**, особено на практичната! Ако однапред го прочитате поглавјето од учебникот или скриптата, полесно ќе можете да го совладате матерјалот.

3. **Фаќајте белешки!** Нема потреба да го запишувате секој збор или текст од презентациите, ќе го најдете во посочената литература. Меѓутоа, прибележите ги основните работи кои ќе Ви бидат добар патоказ во учењето!

4. **Ревидирајте ги Вашите прибелешки** после секое предавање или вежба! Со ваквата постапка ќе бидете во можност полесно да го совладате материјалот, брзо и лесно ќе воочите кои делови не сте ги разбрале добро и Ви требаат дополнителни информации.

5. **Користете интернет!** Ќе најдете голем број веб страници со учебници, анатомски атласи, слики и шеми за кои пристапот е слободен. Некои од овие њеб страници ви озвоможуваат преку квизови да го тестирате своето знаење.

6. Секогаш кога не Ви се јасни одделни партии **побарајте помош од нас веднаш**, по предавањата односно за време на вежбите. Подобро е сé она што не сте го разбрале да го разјасниме веднаш. Не очекувајте дека еден ден пред тестот ќе биде возможно да Ви се објасни се она што сте го разбрале.

7. **Бидете ефикасни!** Со други зборови организирајте го своето време во тек на семестарот, совладувајте го материјалот континуирано, не чекајте до последен момент и не очекувајте дека за кратко време ќе можете да го совладате предметот анатомијата на човек.

## Внимавајте на латинските термини !

Една од основните цели на курсот е да ги совладате латинските имиња на основните структури од кои е изградено човечкото тело. Од Вас ќе се бара усно да ги совладате латинските термини но и коректно да ги пишувате. Ова е особено битно бидејќи постојат термини кај кои со грешка во само една буква добивате сосема друго значење. На пример ilium е една од трите коски на карличниот појас, а ileum е третиот дел од тенкото црево. На тестовите за секој погрешно напишан латински термин ќе Ви биде одземен по 1/2 поен.

# РАСПОРЕД НА ПРЕДАВАЊА И КОЛОКВИУМИ

Распоредот на предавања и вежби е приложен на последните страни од овој документ како и во засебен excel документ. Истите се доставени по електронска пошта (групни email адреси на секоја насока) како и објавени на веб страната на Институтот за биологија https://ib.pmf.ukim.edu.mk/

Сите предавања ќе се одвиваат електронски. Тематските единици се приложени во семестралниот распоред.

Вежбите ќе се одвиваат комбинирано: електронски во термин и ден по договор со асистентот, како и со физичко присуство според неделен распоред приложен на последната страна од овој документ.

## Бодовна скала и начин на оценување

**Бодовна скала:**

| Бодови | Оцена |
|---|---|
| **60-67** | 6 |
| **68-75** | 7 |
| **76-83** | 8 |
| **84-91** | 9 |
| **92-100** | 10 |

Студентите можат да освојат бодови по следните основи:

- ✓ 2 колоквиуми од теоретската настава (60 бода, 30 бода за секој колоквиум)
- ✓ 2 колоквиуми од практичната настава (30 бода, 15 бода за секој колоквиум)
- ✓ присуство на студентот на теоретска настава (3 бода)
- ✓ присуство активно учество на студентот на лабараториски вежби (7 бода)

Студентот кој освоил **минимум 60%** од предвидените бодови за секој колоквиум е ослободен од полагање на завршен испит. Студентот кој по предвидените основи не освоил доволен број на бодови, или не е задоволен од освоените бодови е должен да полага завршен испит во редовните испитни сесии.

1. Секој **теоретскиот колоквиум** ќе се состои од 30 прашања. Прашањата се од мешовит карактер: со понудени одговори или со дополнување. Сите прашања се од матерјалот презентиран на предавањата и посочениот учебник.

2. Секој **практичен колоквиум** се состои од 3 шеми, на секоја шема ќе бидат посочени по 5 структури кои треба да ги именувате, но и да ги покажете на самите скелети или модели.
3. Студентите кои нема да дојдат во определените термини на колоквиум нема да им се овозможи да го полагат истиот во друг термин, освен ако оправдано е отсутен. Доколку студентот поради објективни причини не бил во можност да присуствува на колоквиум / испит ќе има право истиот да го полага во друг термин. Објективни причини се: болест; учество на спортски или други натпревари и сл. Студентот е должен да достави соодветна документација за да се прифати дека оправдано бил спречен да присуствува на колоквиум / испит во спротивно добива 0 бодови за колоквиумот / испитот.

## Неакадемско однесување на студентите на колоквиум / испит

Како неакадемско однесување (обид за измама) за време на одржување на колоквиум / испит се смета:

- Препишување од книги, скрипти, други студенти и слично
- Давање на податоци на други студенти
- Било каква форма на меѓусебна комуникација
- Размена на тестови помеѓу студентите

***И на крај запомнете дека сме тука за да Ви помогнеме да го совладате материјалот по основи на анатомија на човекот***



***ВИ ПОСАКУВАМЕ ПРИЈАТНИ СТУДИИ!!!***

# Семестрален распоред на предавања и вежби

## Анатомија на човек

2020

| | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок | Сабота | Недела |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| **Октомври 2020** | 5 | 6 online предавање<br>Вовед | 7 | 8 | 9 online предавање<br>Кожен систем | 10 online вежби *термин во договор со асистентот | 11 |
| | 12 | 13 online предавање<br>Скелетен систем | 14 | 15 | 16 online предавање<br>Скелетен систем | 17 online вежби *термин во договор со асистентот | 18 |
| | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 |
| | **вежби на факултет: Модели - Кожа и череп** | | | | | | |
| | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | 1 |
| | **вежби на факултет: Модели - шака и стапало, цел скелет** | | | | | | |
| **Ноември 2020** | 2 | 3 online предавање<br>Скелетен систем | 4 | 5 | 6 online предавање<br>Мускулен систем | 7 online вежби *термин во договор со асистентот | 8 |
| | 9 | 10 online предавање<br>Дигестивен систем | 11 | 12 | 13 online предавање<br>Респираторен систем | 14 online вежби *термин во договор со асистентот | 15 |
| | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21<br>**ПРВ ТЕОРЕТСКИ КОЛОКВИУМ** | 22 |
| | **вежби на факултет: Модели - усна празнина, градна и абдоминална празнина** | | | | | | |
| | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28<br>**ПРВ ПРАКТИЧЕН КОЛОКВИУМ** | 29 |
| | **вежби на факултет: Модели - бубрези и ПРВ ПРАКТИЧЕН КОЛОКВИУМ во термин за вежби!** | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 30 | 1 online предавање<br>Екскреторен систем | 2 | 3 | 4 online предавање<br>Циркулаторен систем | 5 online вежби *термин во договор со асистентот | 6 |
| Декември 2020 | 7 | 8 online предавање<br>Полов и ендокрин систем | 9 | 10 | 11 online предавање<br>Нервен систем | 12 online вежби *термин во договор со асистентот | 13 |
| | 14<br>Вежби на факултет: модели - Срце и женски полов систем | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
| | 21<br>Вежби на факултет: модели - мозок | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 |
| | 28 | 29 online предавање<br>Нервен систем | 30 | 31 | 1 | 2 | 3 |
| Јануари 2021 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 online предавање<br>Сетилни органи | 9 online вежби *термин во договор со асистентот | 10 |
| | 11<br>Вежби на факултет: модели - Сетила (око и уво) | 12 | 13 | 14 | 15 | 16<br>ВТОР ПРАКТИЧЕН КОЛОКВИУМ | 17 |
| | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23<br>ВТОР ТЕОРЕТСКИ КОЛОКВИУМ | 24 |

***вежбите и предавањата кои се преклопуваат со неработен ден, по договор ќе ги надоместиме во нов термин.**

**Напомена: можни се одделни промени во редоследот на наставните единици, а со тоа и колоквиумските недели.**

# Распоред на вежби по Анатомија на човек во студентска лабораторија 217

(лаб. 217 се наоѓа во стара зграда на последен спрат (кај библиотеката на биологија), ходник лево, прва врата од десна страна)

2020

<table>
<tr><th>Час</th><th>Понеделник</th><th>Вторник</th><th>Среда</th><th>Четврток</th><th>Петок</th></tr>
<tr><td>08:00-09:00</td><td rowspan="2">МБ 2</td><td rowspan="2">БХФ 2</td><td rowspan="2">МБ 4</td><td></td><td rowspan="2">БИОЛ.</td></tr>
<tr><td>09:00-10:00</td><td rowspan="2">НУТ 1</td></tr>
<tr><td>10:00-11:00</td><td></td><td rowspan="2">БХФ 3</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>11:00-12:00</td><td rowspan="2">МБ 1</td><td rowspan="2">МБ 3</td><td rowspan="2">НУТ 2</td><td rowspan="2">НУТ 3</td></tr>
<tr><td>12:00-13:00</td><td></td></tr>
<tr><td>13:00-14:00</td><td rowspan="2">БХФ 1</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>14:00-15:00</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>15:00-16:00</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>